**ПРАВИЛНИК ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА И ПЛАЌАЊЕТО НА ЧЛЕНАРИНАТА НА ЧЛЕНКИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА МАСИТ**

*(пречистен текст од Мај 2015)*

**Член 1**

На основа член 7 од Статутот на Стопанката Комора за Информатичка и Комуникациска Технологија МАСИТ Скопје, со овој правилник се дефинираат категориите и височината на членарината на редовните и вонредните членки на МАСИТ, како и начинот на плаќањето на истата.

**Член 2**

При приемот во членство на МАСИТ, компанијата плаќа зачленување во износ од 240 евра без вклучен ДДВ во денарска противвредност. Обврската на плаќање на пристапно зачленување од став 1 на овој член не се однесува на членките кои во моментот на формирањето на Комората МАСИТ се со статус на членки на Македонската Асоцијација за Информатичка Технологија.

**Член 3**

Годишната членарина за редовните членки е дефинирана во шест (6) категории, во зависност од големината на Друштвата - членки во однос на нивниот годишен приход во последната фискална година, на основа на податоците доставени до Централниот Регистар на Република Македонија.

**Категориите на членство и соодветната членарина за секоја категорија се**:

- **Категорија 1**: За друштва со остварени приходи во претходната година до 100.000,00 евра = членарина 200,00 евра во денарска противвредност
- **Категорија 2**: За друштва со остварени приходи во претходната година над 100.000,00 евра до 500.000,00 евра = членарина 250,00 евра во денарска противвредност
- **Категорија 3:** За друштва со остварени приходи во претходната година над 500.000,00 евра до 2.000.000,00 евра, членарина = 300,00 евра во денарска противвредност
- **Категорија 4:** За друштва со остварени приходи во претходната година над 2.000.000,00 евра до 10.000.000,00 евра, членарина = 500,00 евра во денарска противвредност
- **Категорија 5**: За друштва со остварени приходи во претходната година над 10.000.000,00 евра до 100.000.000,00 евра, членарина = 1.000,00 евра во денарска противвредност
- **Категорија 6:** За друштва со остварени приходи во претходната година над 100.000.000,00 евра = членарина 2.000,00 евра во денарска противвредност

**Годишната членарина за придружните членки** е утврдена на основа критериумите од став 1 на овој член во следните износи:

- **Категорија 1:** За придружни членки со остварени приходи во претходна година до 100 000 евра = членарина 250 евра во денарска противвредност
- **Категорија 2***:* За придружни членки со остварени приходи во претходна година над 100 000 евра до 500 000 евра = членарина 250 евра во денарска противвредност
- **Категорија 3***:* За придружни членки со остварени приходи во претходната година над 500 000 евра до 2 000 000 евра, членарина = 250 евра во денарска противвредност
- **Категорија 4:** За придружни членки со остварени приходи во претходна година над 2 000 000 евра до 10 000 000 евра, членарина = 250 евра во денарска противвредност
- **Категорија 5:** За придружни членки со остварени приходи во претходната година над 10 000 000 евра до 100 000 000 евра, членарина = 500 евра во денарска противвредност
- **Категорија 6:** За придружни членки со остварени приходи во претходната година над 100 000 000 евра = членарина 1 000 евра во денарска противвредност

**Член 4**

Членарината се плаќа на основа испоставена фактура и износот се плаќа еднаш годишно, најдоцна до крајот на месец Април за тековната година.
За друштвата кои ќе стапат во членство на МАСИТ во текот на годината, членарината се пресметува соодветно според бројот на остатокот на месеците во тековната година, сметано од почетокот на наредниот месец од денот на стапување во членство.

**Член 5**

Еднократниот износ при зачленувањето во Комората МАСИТ, како и годишната членарина ќе бидат предмет на корекција – покачување со стапка од 10% еднаш годишно за секоја наредна година, а заради покривање и следење на диспаритетот предизвикан со годишната стапка на инфлација во тековната година.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, Мај 2015

Претседател на Собрание на МАСИТ,

________________________________

Драган Чепујноски

Бул. Партизански Одреди број 4
1000, Скопје, Македонија
www.masit.org.mk
contact@masit.org.mk